Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 42-та седница одржана на 18.11.2022 година, во врска со Предлогот бр.03-4282/1 од 16.11.2022 година за покренување прекршочна постапка против операторот Македонски Телеком од Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-4061/1 од 02.11.2022 година на Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје, и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Македонски Телеком Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека наведениот оператор, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територија на Република Северна Македонија, на 01.11.2022 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Nova S“ и „Brainz“ кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-4270/7**

**18.11.2022 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**